# ZWILLING FRESH & SAVE VACUUM PUMP

**Клуч за симболите на апаратот:**

III класа на апарат - низок напон
CE сертификација ознака
Не фрлајте со отпад од домаќинството
Ознака за сертификација EAC

**Технички информации**

Батерија – 3,7 V, Li-ion 1200 mAh
Адаптер за струја ( не е вклучен во кутијата) – Влез 100-240 V ~, 50/60 Hz ; Излез 5V =, 1000mA
Кабел за полнење – USB 2.0 тип A, micro USB, должина 0.8m
Димензии – должина – ширина – висина 50x50x190
Тежина – приближно 0,3 кг.
Материјал – ABS пластика, силикон

**Употреба:**

Со Zwilling Fresh & Save вакуум производите можете да ја чувате храната свежа подолго време. Производот не е замена за замрзнување, ладење или конзервирање на храната. Рокот на храната зависи од многу фактори, како што се почетната содржина на микроб во храната, правилно складирање на храната и ладење и потребата хигиена при обработката и вакуумирањето. Одржувајте ги вообичаеното складирање и хигиенски процедури за храната. Ако е можно, исушете ја храната пред вакуумското пакување. Секогаш чекајте храната да се излади до собна температура пред да ја вакуумирате. Некои зеленчуци испуштаат гасови во сурова состојба, што може да доведе до губење на вакуум во пакувањето. Тука се вклучени: зелка, грав, кромид и лук. За да се спречи формирањето на гасови, тие треба да се бланшираат пред да се вакуумираат. Синото сирење не треба ад се чува под вакуум, свежите печурки само кога се замрзнати.

**Читање на индикаторското светло и симболот за батерија:**

Индикаторското светло свети: Вакуумирањето е во процес.
Индикаторското светло свети 5 секунди па се гаси: Вакуумирањето е завршено.
Симболот за батерија свети брзо: батеријата е празна.
Симболот за батерија светло споро: батеријата се полни.
Симболот за батерија свети: батеријата е наполнета и може да се извади од штекер.

**Полнење на батеријата на вакуум пумпата.**

За да се одржи оптималната функција на батеријата, полнете најмалце еднаш на секои 3 до 6 месеци. Наполнете ја целосно батеријата пред да ја користите пумпата. Ставете ја пумпата на местото за полнење. Вметнето го малиот УЦБ конектор во местото за полнење. Вметнете го големиот УСБ конектор (УСБ 2.0) во адаптерот и вклучете го во струја. Исто така може и да се полни преку УСБ делот од компјутерот. Додека се полни, индикаторското светло свети споро.

Кога пумпата е целосно наполнета, индикаторското светло ќе свети многу светло. Зависно од изворот на струја, полнењето може да трае од 2 то 5 часа.

## Вакуумирање на кутии и кеси

Пумпата не смее да впие никакви течности ( пр. вода, масло, сок од месо). Ако видете дека пумпата прима течности, веднаш прекинете го вакуумирањето со притискање на копчето ON/OFF.

Ставете ја пумпата на вентилот на кутијата и, ако е потребно притиснете полека. Притиснете го копчето ON/OFF на пумпата. Пумпата ќе почне да го влече воздухот. Вакуумирањето престанува автоматски кога притисокот ќе биде на точното ниво. Вакуумирањето може да биде мануелно прекинато во било кое време со притискање на копчето ON/OFF.

Ако точното ниво не е постигнато бидејќи, на пример, пумпата не влече воздух правило, вакуумирањето ќе престане автоматски после 2 минути. Садот може нема да се затвори правило.

Исчистете ги вакуум кутиите пред да ги користите прв пат. Пред секое користење осигурајте се дека капакот и рабовите на кутијата се чисти и суви.

Да не се преполнува кутијата. Секогаш оставајте 1 см слободен од работ. Осигурајте се дека храната внатре во кутијата не доаѓа во контакт со вентилот што е внатре во кутијата.

Отворот на кесите треба да биде комплетно чист и сув. Погрижете се вентилот од внатрешноста на кесата да не биде во контакт со храната.

Запамтете да го притиснете копчето PUSH во средината на силиконскиот вентил после секое вакуумирање за да финално за залепите кесата.

Шишињата можат да бидат затворени со затворачот за вино. Пумпата престанува автоматски откако вакуум притискот ќе биде на вистинското ниво.

## Отварање на вакуумирана кутија

За да се отвори вакуумирата кутија или шише, внимателно повлечето го силиконскиот вентил на страна. Воздухот ќе излезе полека и вакуумот ќе го снема. Тогаш кутијата може да биде отворена.

## Чистење

Извадете го адаптерот и извадете ја вакуум пумпата од местото за полнење за да ја исчистите. Само со сува или многу минимално влажна крпа се чисти телото на вакуум пумпата и местото за полнење. Да не се става ниту еден дел од пумпата во машина за садови. За да се исчисти силиконскиот врв, извадете го од телото на пумпата внимателно и исчистете го со вода.

## Безбедност пред употреба

Пумпата за вакумирање е наменета ексклузивно да се користи само со производите на Zwilling Fresh & Save за да се креира ефективно вакуум затварање за чување на храна. Може да се користи единствено со аксесоари поризведени или одобрени од ZWILLING. Доколку се користи со несоодветни аксесоари, може да дојде до оштетување на производот.

Наменет само за домашна употреба.

Производот не е наменет за употреба од страна на деца помали од 8години.

Апаратот има интегрирана внатрешна батерија, доколку не се ракува соодветно може да дојде до пожар. Батеријата на производот да се полни само со соодветниот кабел од оригиналното пакување. Производот не смее да се отвара, ниту пак да се фрли во оган. Кога се полни батеријата , не смее да биде во близина на извор на топлина. Производот е полн со електрицна енергија, постои опасност од шок доколку апаратот не се полни во утикац со соодветна волтажа како што е наведено на кабелот за полнење кој доаѓа заедно во оригиналното пакување. Не го користете кабелот за полнење доколку е оштетен на било кој начин. Кога ке завршите со полнење на производот веднаш да се отстрани кабелот за полнење од штекерот. Не го чистете апаратот додека се полни.

Немојте да го одштрафувате апаратот нити пак да правите некакви технички модификации. Доколку го оштетите апаратот, или ви падне на под, немојте да го користите. Апаратот не содржи делови кои вие би можеле да ги замените, веднаш контактирајте овластен сервис.

**Решавање проблеми:**

Проблем: пумпата не реагира на копчето ON/OFF
Можна причина: батеријата е испразнете или ненаполнета.
Решение: Наполнете ја батеријата.

Проблем: пумпата не креира вакуум на кутијата или воопшто не вакуумира
Можна причина: капакот на кутијата или силиконскиот вентил не се наместени правилно.
Решение: проверете дали капакот е правилно затворен.

Проблем: пумпата не креира вакуум на кутијата или воопшто не вакуумира
Можна причина: капакот на кутијата или силиконскиот вентил не се чисти или се влажни.
Решение: Исчистете го и исушете го силиконскиот вентил на кутијата.

Проблем: пумпата не креира вакуум на кутијата или воопшто не вакуумира
Можна причина: пумпата не е правилно наместена на вентилот.
Решение: додека вакуумирате, лесно притиснете на делот што е околу вентилот за да се креира врска повеќе пумпата и вакуумот.

Проблем: горенаведените проблеми не можат да се решат
Можна причина: пумпата можно е да не работи.
Решение: контактирајте ја продавницата од каде што сте ја купиле, не пробувајте да ја поправите сами.

Проблем: пумпата престанува во процесот на вакуумирање и не продолжува.
Можна причина: пумпата примила течност во процесот на вакуумирање.
Решение: Не се вртете пумпата нагоре-надолу. Истресете ја за да излезе течноста. Осигурајте се дека пумпата е комплето сува. Ставете ја на местото за полнење на.1 секунда за да се ресетира, тргнете ја и притиснете го копчето ON/OFF. Можно е да истечат неколку капки течност. Повторете ја оваа процедура ако пумпата повторно престане.